**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА "ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА", ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ КАЈ "КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА" ОД ФРАНКФУРТ НА МАЈНА СР ГЕРМАНИЈА, ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА ПОВРШИНСКИОТ КОП НА ЈАГЛЕН БРОД ГНЕОТИНО, ОД ФИРМАТА "МАН ТАКРАФ ФЕРДЕРТЕХНИК" ГмбХ ОД ЛАЈПЦИГ СР ГЕРМАНИЈА**

Член 1

Во Законот за задолжување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија "Електрани на Македонија", во државна сопственост, Скопје кај "Кредитната банка за обнова" од Франкфурт на Мајна СР Германија, за набавка на опрема за површинскиот коп на јаглен Брод Гнеотино, од фирмата "МАН Такраф Фердертехник" ГмбХ од Лајпциг СР Германија ("Службен весник на Република Македонија" број 57/2006), во членот 1 износот "16.300.000" се заменува со износот "16.600.000".

Член 2

Во членот 2 алинејата 1 се менува и гласи:

"- камата: фиксна во висина на Референтната комерцијална каматна стапка (РККС) објавена од ОЕЦД на денот на потпишување на Договорот за доделување на заем;".

Член 3

Во членот 5 точка 2 износот "14.400.000" се заменува со износот "14.438.270".

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIM TË LIGJIT PËR NGARKIMIN ME BORXH TË SHOQËRISË AKSIONARE PËR PRODHIMIN E ENERGJISË ELEKTRIKE "ELEKTRANAT E MAQEDONISË", NË PRONËSI SHTETËRORE, SHKUP NË "BANKËN KREDITORE PËR RINDËRTIM" NGA FRANKFURTI NË MAJNË RF E GJERMANISË, PËR BLERJEN E PAJISJES PËR MIHJEN SIPËRFAQËSORE TË QYMYRIT BROD GNEOTINO, NGA FIRMA "MAN TAKRAF FERDERTEHNIK" GmbH NGA LAJPCIGU RF E GJERMANISË**

Neni 1

Në Ligjin për ngarkim me borxh të Shoqërisë aksionare për prodhimin e energjisë elektrike "Elektranat e Maqedonisë", në pronësi shtetërore, Shkup në "Bankën kreditore për rindërtim" nga Frankfurti në Majnë RF e Gjermanisë, për blerjen e pajisjes për mihjen sipërfaqësore të qymyrit Brod Gneotino, nga firma "MAN Takraf Ferdertehnik" GmbH nga Lajpcigu RF e Gjermanisë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 57/2006), në nenin 1 shuma "16.300.000" zëvendësohet me shumën "16.600.000".

Neni 2

Në nenin 2, alineja 1 ndryshon si vijon:

"- kamata: fikse në lartësinë e Shkallës kamatare komerciale referente (SHKKR) e shpallur nga EOCD-ja në ditën e nënshkrimit të Marrëveshjes për ndarjen e huas;".

Neni 3

Në nenin 5 pikën 2 shuma "14.400.000", zëvendësohet me shumën "14.438.270".

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**338.**

Врз основа на член 59 став 5 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ("Сл. весник на РМ" бр. 39/2006) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА КАДРОВСКИТЕ, ПРОСТОРНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ОВЛАСТЕНИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНА КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДСТВО НА СЕМЕНСКИ ПОСЕВИ И НАСАДИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД ВИДОВИ И СОРТИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА**

Член 1

**Содржина на правилникот**

Со овој правилник се пропишуваат кадровските, просторните и техничките услови и начинот на работа на овластените правни лица за вршење на стручната контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал од видови и сорти од земјоделски растенија (понатамошниот текст: орган за сертифицирање).

Член 2

**Значење на поимите**

Поимите употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1. орган за сертифицирање е овластено правно лице кое ја води постапката за вршење на стручна контрола на производството на семенски посеви и насади на саден материјал од видови и сорти од земјоделски растенија, во согласност со прописите кои го регулираат семенскиот и садниот материјал од земјоделски растенија, која претставува официјална сертификација;
2. систем за квалитет е внатрешен систем на организација на органот за сертифицирање, за изведување на официјалното сертифицирање на семенскиот и садниот материјал, на начин кој обезбедува перманентна ефикасност на довeрените задачи;
3. деловник за квалитетно изведување на овластувањата е збирка на документи во кои органот за сертифицирање го определува системот на квалитет, како и целите и начинот на вршење на активностите поврзани со сертифицирање на семенскиот и садниот материјал од земјоделските растенија.

Член 3

**Кадровски, просторни и технички услови**

Органот за сертифицирање за вршење на доверените задачи треба да ги исполнува следниве кадровски, просторни и технички услови:

1. во работен однос да има најмалку еден стручен работник со соодветно образование за вршење на стручни прегледи на семенски посеви и насади од видови или група на земјоделски растенија, кои го регулираат официјалното сертифицирање на семето;

2. во работен однос да има стручен работник, кој ги исполнува пропишаните услови за извршување на правни работи;

3. во работен однос да има доволен број на помошен кадар со техничко знаење и искуство, кое е потребно во поглед на видот или групата на растенија кои се предмет на официјално сертифицирање, како и во поглед на обемот на задачите предвидени во постапката за официјално сертифицирање;

4. да е независен и непристрасен во однос на снабдувачите за кои ја врши постапката за официјално сертифицирање;

5. постапката за официјално сертифицирање и дејностите поврзани со таа постапка да се организационо, кадровски и етапно одделени од останатите дејности;

6. да не се занимава со дејност како снабдувач на семенски и саден материјал од земјоделски растенија.

7. за официјалното сертифицирање на семенскиот и садниот материјал од земјоделски растенија и за издавање на официјалните етикети треба да одлучува стручен работник кој не вршел одделни задачи во постапката за официјално сертифицирање;

8. да ја гарантира службената тајност и доверливост на податоците;

9. да има деловна просторија соодветна за вршење на работите на стручната контрола на производството на семенски посеви и насади на саден материјал од земјоделски растенија;

10. да е технички опремен согласно прописите за трговија со житни, фуражни, градинарски, маслодајни и влакнодајни растенија, компир, винова лиза и овошни растенија.

Член 4

**Деловник за квалитетно изведување на овластувањата**

(1) Деловникот се состои од следните документи:

а) изјава за квалитетно изведување на овластувањата;

б) краток опис на правен статус и организациона шема на органот за сертифицитање, која ја покажува распределбата на одговорностите и доделувањето на задачите, како и овластувањата на сите вработени кои соработуваат во постапката за официјално сертифицирање, со посебен акцент на одговорностите, задачите и овластувањата на лицето одговорно за водење на одделни постапки за официјално сертифицирање;

в) податоци за:

- оперативните и функционалните активности во врска со системот за квалитет, така што секое лице што учествува во тие активности е запознаено со обемот и ограничувањата на своите одговорности и овластувања;

- име и презиме, образование, работно искуство и дополнителна стручна оспособеност на лицата одговорни за водење на постапката за официјално сертифицирање;

- име и презиме на надворешните соработници, податоци за нивното образование, дополнителна стручна оспособеност и работни искуства;

г) упатства за правилно изведување на методите и постапките за сертифицирање, специфични за одделните групи на земјоделски растенија, како и обрасци кои се употребуваат во постапката за сертифицирање:

- пријава за официјално сертифицирање;

- записник за прегледите;

д) упатство за спроведување на постапката за сертифицирање;

ѓ) документи за спроведена внатрешна ревизија кога стручните работници од било која причина постапувале во спротивност со овој деловник. Кога спротивното постапување влијае негативно врз резултатите за сертифицирање, согласно овој деловник треба да се издаде наредба за прекинување на работата. Со работата се продолжува по отстранување на неправилностите.

(2) Деловникот за квалитетно изведување на овластувањето треба да биде на располагање и употреба на стручните лица на органот за сертифицирање.

Член 5

**Одговорно лице**

Органот за сертифицирање треба да определи лице одговорно за:

- обезбедување, воведување, исполнување и одржување на системот за квалитет, согласно Деловникот за квалитетно изведување на овластувањето;

- известување на органот за сертифицирање за спроведување на Деловникот за квалитетно изведување на овластувањето, со цел да се контролира и подобрува системот за квалитет.

Член 6

**Јавно овластување**

Органот за сертифицирање согласно јавното овластување може да бара од снабдувачот:

- да постапува согласно прописите за семенски и саден материјал;

- да овозможи непречен тек на официјалното сертифицирање, вклучувајќи го и документирањето на процесот на официјалното сертифицирање:

- да се повикува на сертификатот за официјално сертифицирање за семенскиот и саден материјал за било кој вид издаден сертификат;

- да го употребува сертификатот за официјално сертифицирање како доказ дека семенскиот и садниот материјал одговара на условите одредени со прописите за семенски и саден материјал;

- да него употребува официјалното сертифицирање за намени кои би можеле да му наштетат на угледот на органот за сертифицирање;

- да не дава изјави за официјално сертифицираниот семенски и саден материјал кои органот за сертифицирање би можеле да го наведат на погрешни заклучоци;

- да ги отстрани и да ги врати етикетите, доколку се утврди дека биле издадени врз основа на невистинити податоци или врз основа на фалсикувани докази.

Член 7

**Влегување во сила на правилникот**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-1906/1
февруари 2007 година
Скопје

Министер,
**Аце Спасеноски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**339.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 45 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на РМ” бр. 13/96 и 29/02), министерот за образование и наука, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување средства за поттикнување и помагање на научно-истражувачката дејност (“Службен весник на РМ” бр. 3/05 и 44/2006), во член 21, ставовите 3 и 4, се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 13-138/3
15 февруари 2007 година
Скопје

Министер
за образование и наука,
**Сулејман Рушити,** с.р.

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**340.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 70/1992), на седницата одржана на 17 јануари 2007 година, донесе

### О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 77 став 7 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија” бр. 35/2005, 50/2006 и 129/2006).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

3. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Јаким Илиев од Кочани, со Решение У. бр. 185/2006 од 29 ноември 2006 година, поведе постапка за оценување на уставноста на членот од Законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека, според член 77 став 1 од Законот за извршување, странката или учесникот кој смета дека при извршувањето се сторени неправилности може да поднесе приговор за отстранување на неправилностите до претседателот на основниот суд на чија територија извршувањето, или пак дел од него, се спроведува. Според ставот 2 на овој член, приговорот за отстранување на неправилностите може да се поднесе во рок од три дена по денот на осознавање на неправилноста, но не подоцна од 15 дена по завршувањето на извршувањето. Според ставот 3 на истиот член, претседателот на судот одлучува по приговорот во рок од 72 часа по приемот на приговорот. Според ставот 4, по потреба, претседателот на судот може да одлучи да ги сослуша странките и учесниците и извршителот. Според ставот 5, приговорот се доставува до странките, учесниците и извршителот на одговор, заедно со поканата во која се утврдени датумот и времето на сослушување на странките и учесниците пред судот, ако е утврдено тоа. Според ставот 6, претседателот на судот донесува одлука по приговорот во рокот определен во ставот (3) на овој член, без оглед на тоа дали спротивната странка навремено дала одговор по приговорот или пак изјавила дека истиот не го оспорува. Според оспорениот став 7 на овој член, против одлуката на претседателот на судот не е дозволена жалба.

5. Според член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, се темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Според Амандманот XXI, со кој е заменет член 15 од Уставот, се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита про-